# СЛУЖБЕ Н Г Л А С Н И К

## НА

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Крива Паланка<br>Издавач : Општина Крива Паланка<br>Излегува по потреба** | **Број 12<br><br>07.10.2022** | **Гласникот е бесплатен** |

Врз основа на член 11 став (1) точка (2) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 89/22) и член 14 став (1) точка (40) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 06.10.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности КАЛИН КАМЕН - Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности КАЛИН КАМЕН - Крива Паланка од 04.10.2022 година, донесена од Управниот одбор на ЈП за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности КАЛИН КАМЕН - Крива Паланка, и тоа:

Во статутот на Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности „Калин Камен“ - Крива Паланка, членот 4 се менува и гласи:

„ **1) ДЕЈНОСТ**

Јавното претпријатие во рамките на својот делокруг на работењето ги врши следните дејности:

- 35.22 Дистрибуција на гасовити горива преку дистрибутивните системи
- 35.23 Трговија на гас преку дистрибутивните системи
- 35.30 Снабдување со пареа и климатизација
- 43.22 Поставување на инсталации за водовод, канализација и плин и инсталации за греење и клима уреди
- 46.71 Трговија на големо со цврсти, течни и гасовити горива и слични производи
- 52.10 Складирање на стока
- 43.21 Електоинсталатерски работи
- 52.21 Услужни дејности поврзани со копнениот превоз

**Приоритетна дејност на претпријатието е под шифра**
42.11 – Изградба на патишта и автопати

ЈП може да врши проширување на дејноста, воведување на нова дејност и укинување на одделни дејности.

За промените од ст. 3 на овој член по предлог на Управниот одбор согласност дава Основачот- Советот на општина Крива Паланка.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

Број 09- 3840/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
06.10.2022 година Претседател
Крива Паланка Изабела Павловска с.р

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменувањеи дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за истрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен –Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменувањеи дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за истрибуција на природен гас и енергетски дејности Калин Камен –Крива Паланка,што Советот ја донесе на 15-та седница, одржана на ден 06.10.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3840 / 4** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**07.10.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

Врз основа на член 22 став (1) точка (4), член 64 став (1) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/02), согласно член 11, став (2) од Законот за енергетска ефикасност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 110/21), како и член 14 став (1) точка (30) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка” бр. 08/2010, 8/2014, 2/2018, 3/2019 и 8/2021),а по предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 06.10.2022 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за давање правото на користење на мрежата**
**на јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка од страна на основачот на ЈП за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности КАЛИН КАМЕН - Крива Паланка (во понатамошниот текст - корисникот).

**Член 2**

Правото на користење на мрежата на јавното осветлување од членот 1 на оваа Одлука опфаќа набавка на електрична енергија за јавното осветлување, располагање со мрежата на јавното осветлување, грижа за неговата уреденост и тековното одржување на електричната мрежа на јавно осветлување од страна на корисникот.

**Член 3**

Правото на користење на мрежата на јавно осветлување го сочинуваат:

-приклучоци од категорија LV1.1 – јавно осветлување, кои се определени како броила од категоријата LV1.1 поставени во сите урбани и месни заедници на територијата на Општина Крива Паланка .

Нисконапонска надземна и подземна мрежа за гореневедените броила.

Листата со местата на потрошувачка за приклучоците од ставот 1 на овој член е составен дел на оваа Одлука.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Крива Паланка, да склучи договор со корисникот на ова право, со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски за доделеното правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка.

По склучувањето на договорот, одговорното лице на давателот на ова право ќе поднесе барање до надлежниот орган за промена на корисник за местата на потрошувачка од листата од член 3 став (1) на оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Број 09- 3840/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**06.10.2022 година** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување Одлука за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка**

1.Се објавува Одлука за давање правото на користење на мрежата на јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка,што Советот ја донесе на

15-та седница, одржана на ден 06.10.2022 година

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 –3840 / 6** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**07.10.2022 год.** **Градоначалник,**

**Крива Паланка** **Сашко Митовски с.р**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

До Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура-Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина во Општина Крива Паланка, доставено е барање за издавање на Одобрение за градење на Фотонапонска централа „Енерго Солар Панел“ за производство на електрична енергија (од обновливи извори на енергија-сонце) со моќност од 999,9кW на земјени површини со намена Е1.13 на ГП.01 на КП3562/1, КП3563, КП3564 в.м.„Могилица“ и КП3565 в.м.„Магилица“ КО Градец- Општина Крива Паланка, објект од Втора категорија, заведено под број уп29-636/1 од 05.09.2022од страна на ДПТУ„Енерго Солар Панел“ ДОО-Крива Паланка со адреса с.Градец Општина Крива Паланка.

Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина издаде Одобрение за градење на Фотонапонска централа „Енерго Солар Панел“ за производство на електрична енергија (од обновливи извори на енергија-сонце) со моќност од 999,9кW на земјени површини со намена Е1.13 на ГП.01 на КП3562/1, КП3563, КП3564 в.м.„Могилица“ и КП3565 в.м.„Магилица“ КО Градец- Општина Крива Паланка, објект од Втора категорија, заведено со бр. уп29-636 од 14.09.2022 година, издадено на ден 14.09.2022 годинасогласноУрбанистички проект вон опфат на урбанистички план, за изградба на инфраструктурни објекти со класа на намена Е1.13– површински соларни и фотоволтаични електрани, кои се градат на земјиште - помали од 10 MW, на КП бр. 3563, 3564, 3565 и дел од КП бр.3562 - КО Градец, Општина Крива Паланка одобрен со Решение број 29-2379/18 од 05.08.2022 година од Општина Крива Паланка;

Се повикуваат лицата Благоје Павле Крстевски со адреса с.Градец бр.38 Општина Крива Паланка и Деска Јовановска со адреса ул.„7-јули“ бр.35 одс.Јабука-Панчево Р.Србија, како непосредни соседи, се известува за донесеното одобрение и се задолжува во рок од 15 дена од објавата да дојдат во просториите на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина да изврши увид во предметот.

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

Крива Паланка

Одделение за урбанизам, сообраќај

и заштита на животна средина

**Ред.бр** **С О Д Р Ж И Н А** **страна**

**1.** Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности КАЛИН КАМЕН - Крива Паланка........................................................................................1
2.Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување наСтатутот на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности КАЛИН КАМЕН - Крива Паланка...................................................2
3. Одлука за давање правото на користење на мрежатана јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка ..........................................................................................3
4.Заклучок за објавување на . Одлука за давање правото на користење на мрежатана јавното осветлување на територијата на Општина Крива Паланка.......................................................4
5.Јавна објава